# Застапеност на пациенти со дијабетна полиневропатија и рехабилитација

*А Шпигова, Д. Василева*
*Факултет за медицински науки*
*Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, Македонија*

## АПСТРАКТ

Дијабетната полиневропатија, која е една од најчестите компликации на дијабетесот, е хетерогена група на синдроми каде што е нарушена функцијата на периферниот нервен систем. Бројот на ново заболени лица од дијабетес со компликации, во Република Македонија прогресивно се зголемува, што е од големо социоекономско значење, бидејќи доведува до траен инвалидитет, го намалува квалитетот на живот и го отежнува социјалното учество на пациентите. Затоа е многу значајна раната дијагностика, навремената профилакса, како и соодветната рехабилитација на настанатите компликации

## МАТЕРИЈАЛИ И МЕТОДИ

Од Центарот за Јавно Здравје во Штип се земени статитички податоци. Пријавените случаеви се пациенти на Интерното одделение во Клиничка Болница-Штип. Сите податоци се обработени дескриптивно, епидемиолошки и статистички. Истражувањето е спроведено во период од три години и резултатите се прикажани графички и табеларно. Пациентите се избрани според основната дијагноза Дијабетес мелитус (МКБ е10-е14) со компликации.

## РЕЗУЛТАТИ

Од истражувањето направено за бројот на пациентите со дијабетес мелитус со компликации, добиени се резултати кои покажуваат дека бројот на хоспитализирани мажи во 2015, 2016 и 2017 е 134, а бројот на жени е 125.

## ЗАКЛУЧОК

Инциденцијата на пациенти со дијабетес мелитус и дијабетна полиневропатија значително се зголемува, со пораст на возраста, а пикот на појавување е на возраст од 64-74 години. Применатa на рехабилитација, кинезитерапија, балнеотерапија, климатотерапија, заедно со соодветни медикаменти обезбедува понатамошна автономија и функционалност во секојдневниот живот на пациентите со дијабетната полиневропатија.

## КЛУЧНИ ЗБОРОВИ

социоекономски аспект, инвалидитет, профилакса, рехабилитација.




Број на заболени во 2015 –Центар за Јавно Здравје-Штип




Број на заболени во 2016 –Центар за Јавно Здравје-Штип




Број на заболени во 2017 –Центар за Јавно Здравје-Штип

## ВЕЖБИ КОИ СЕ ИЗВЕДУВААТ


ИСТЕГНУВАЊЕ


Хамстринг истегнување


Истегнување на плантарната фасција


Поткренување со помош на кујнска работна маса


Флексија на колк


Истегнување на колк